# ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР

## ГЛАСИЛО НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ
Бр. 11 Декември 2019 - Јануари 2020

ул.Свети Јоаким Осоговски бр.175 тел. 031 375 035 opkp@krivapalanka.gov.mk www.krivapalanka.gov.mk




## Потпишан меморандум за отварање на „Европска куќа“ во Крива Паланка

Градоначалникот Борјанчо Мицевски и евроамбасадорот Самуел Жбогар, потпишаа меморандум за отварање на „Европска куќа“ во Крива Паланка.



„Европската куќа“ ќе биде урбан простор обезбеден од страна на Општината, каде младите ќе можат да се дружат, да учат, да се информираат и да ги споделуват своите ставови и размислувања, да дискутираат, да гледат филмови и да организираат разни други културни настани.



## Прогласени најдобриот пожарникар и полицаец во општина Крива Паланка за 2019 година

*Градоначалникот Борјанчо Мицевски ги додели наградите на најдобриот пожарникар и најдобриот полициски службеник во општина Крива Паланка за 2019 година.*

Наградата за најдобар пожарникар од ТППЕ Крива Паланка ја доби **Слаѓан Давитковски**, а наградата за најдобар полицаец за 2019 година ја доби **Владимир Стојановски**.



## Средба на градоначалникот Мицевски со амбасадорот на Руската Федерација Сергеј Баздникин

Градоначалникот Борјанчо Мицевски оствари средба со амбасадорот на Руската Федерација во нашата земја, Н.Е. Сергеј Баздникин.

На средбата, градоначалникот Мицевски и амбасадорот Баздникин, дискутираа за перспективите за соработка и ги разгледаа можностите за поинтензивни контакти на сите полиња од заеднички интерес.

Како приоритет беа издвоени потенцијалите на економската соработка, особено во делот на енергетиката и процесот на гасификација, сообраќајната инфраструктура, како и потенцијалите за развој на зимскиот туризам и имплементација на модерните технологии за автоматизација и дигитализација на услугите за граѓаните.



## Започнува реализацијата на два крупни проекти во Крива Паланка

Општина Крива Паланка започнува со реализација на два крупни инфраструктурни проекти

1.Рехабилитација на патниот правец кон манастирот „Свети Јоаким Осоговски" во висина од околу 13.5 милиони денари обезбедени од Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој.

2.Изградба на потпорни стени на ул. Баглачка и ул. 11 Октомври во висина од околу 5 милиони денари од Буџетот на општината.

Градоначалникот Борјанчо Мицевски одржа работен состанок со изведувачите на претстојните градежни активности, СТОИМЕНОВ ДООЕЛ од Кочани и ДИНЕ ТРЕЈД од Крива Паланка.



## Реконструкција на водовод во с.Мождивњак и с.Длабочица

Со добра и координирана соработка на Општина Крива Паланка со МЗ Длабочица и МЗ Мождивњак е решен проблемот за водоснабдување на околу 100 домаќинства или околу 400 жители од овој крај.

Реконстрикцијата на водоводот е направена после 50 години од неговата изградба и е само еден од неколкуте водоводи кои егзистираат во ова населено место.



## Обиколка на градежните активности во с.Конопница

Градоначалникот Борјанчо Мицевски заедно со претставници на стручните служби од општината, извршија обиколка на тековните работни активности за изградба на локален пат во с.Конопница, од  место викано Кула (Лиска) до м.в. Стублица, кон спој со А2.

Вкупна вредност на оваа градежна инвестиција е 10.034.033 денари,  изведувач на работите е ДПУ Енергоинвест трејд од Скопје.

Финансиските средства се обезбедени преку Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.



## Уредување на речното корито на Крива Река

Во рамки на предвидените  програмски активности на Општината, ЈП Комуналец спроведе активности за расчистување и порамнување на речното корито на Крива Река на потегот од Големиот мост кон Бегови бавчи.

Активноста е со цел создавање на нормални услови за одржување на зелената површина на овој дел од  коритото како и можност од идно оплеменување со одредени содржини во интерес на граѓаните.



## Адаптација на просториите за комуникации во ООУ Јоаким Крчовски

***Подобрување на условите за престој на учениците***

Во ООУ Јоаким Крчовски извршена е комплетна адаптација на централниот влезен хол со скалишниот простор,  влезот за учениците, ходниците  и скалишниот простор на трите нивоа.
Керамичките плочки во холовите и ходниците, кои беа дотраени, и терацото со кое беа обложени скалите, се заменети со противклизни гранитни керамички плочки.

Адаптирана е  површина од  околу 921 м2, со средства обезбедени од ООУ Јоаким Крчовски.





## Расчистување на диви депонии

Општината Крива Паланка во соработка со ЈП Комуналец спроведе активности за расчистување на огромните депонии од градежен отпад, земјен материјал, а  делумно и од комунален отпад  на локалитетот „**Пелагониска база“** во населба Грамаѓе и на локацијата пред **„Пашина воденица“.**

На овии локалитете е забрането понатамошно депонирање на било каков отпад.



## Одбележан Меѓународниот ден на лицата со посебни потреби

По повод 3 Декември, Меѓународниот ден на лицата со посебни потреби, градоначалникот Борјанчо Мицевски ги посети штитениците од Дневниот центар, кој работи во рамки на ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа од Крива Паланка.

Не е доволно само еден ден да им се посвети внимание на овие лица и на нивните права за еднаквост со другите. Тоа треба да го правиме секој ден и тоа да претставува дел од нашето секојдневно однесување и дел од општествените вредности на сите чинители во државата, изјави градоначалникот Мицевски.



## Промовиран проектот „Подобра спортска инфраструктура, подобро здравје за сите”

Со проект финансиран од страна на Амбасадата на Република Бугарија во РС Македонија ќе се реализираат активности за уредување на атлетска патека, мини-голф терен и скејт-парк во Крива Паланка.

Проектот е со вкупна вредност од околу 73.000 евра со кофинансирање од околу 25 проценти.



## Изработка на родово одговорна стратегија за локален развој

Општина Крива Паланка започна со подготовка – креирање на „Стратегија за развој на Општина Крива Паланка 2021 – 2025“.

Креирањето на Стратешкиот план ќе се одвива во наредните неколку месеци низ отворен, партиципативен и транспарентен процес, во кој можат да се вклучат сите заинтересирани граѓани, со нивно директно учество, со нивни конкретни идеи, предлози и насоки во кои треба да се движи развојот на нашата локална заедница.



## Бизис форум на тема „Искористување на инструментите за подобар економски перформанс и зголемување на локалниот економски раст“

Во организација на фондацијата „Со срце за Крива Паланка” се одржа бизнис-форум на тема „Искористување на сите инструменти до подобар економски перформанс и зголемување на локалниот економски раст”.

Претставиците од локалната бизнис заедница имаа можност да добијат директни информации во врска со даночната политика на Владата на РС Македнинија, за олеснувањата во овој сегмент, за можностите за кредитирање, активните мерки за вработување, субвенционирање на плати за нововработените и проектите што може да ги аплицираат работодавачите и компаниите.

---

На форумот говореа Јован Зафироски, професор на Правниот факултет, Биљана Јовановска, директорка на Агенцијата за вработување, Мухедин Авдиќ и Ивана Дончевска од Управа за јавни приходи, Веселин Халачев, претседател на ОБК и член на Бордот на директори на Европската алијанса на мали и средни бизниси во Брисел .



## Одбележан 40-годишен јубилеј на планинарското друштво „Руен“

*Во рамки на одбележувањето на 40 години од постоењето на ПСК „Руен“ беше презентирана публикација за активностите на клубот.*

Овој 40-годишен јубилеј, достоен за почит, зборува за еден организиран и планиран активизам, мноштво спортски активности, големи планинарски успеси и учество во севкупниот културен и општествен живот, а сето тоа синтетизирано во едно убаво печатено издание кое беше презентирано пред членовите на клубот и останатите гости.
Авторот на публикацијата и првиот претседател на ПСК Руен, Милојко Ангеловски.

---

Печатењето на публикацијата „Планинарство во Крива Паланка – 40 години ПСК Руен“ финансиски е поддржано со средства од Буџетот на Општина Крива Паланка, предвидени во Програмата за поддршка на здруженија и фондации за 2019 година.



## Петто издание на детскиот фестивал РАСПЕАНО СИМИТЧЕ

Во преполната сала на НУ  Центар за култура Крива Паланка  се одржа најновото, петто, издание на детскиот фестивал „Распеано симитче“ 2019.

На сцената продефилираа петнаесет солисти, момчиња и девојчиња на возраст од шест до четиринаесет години, кои ги изведоа новите  композиции од репертоарот на фестивалот кој полека, но сигурно прераснува во кулутрен бренд на Крива Паланка.



Покровител на фестивалот е Општина Крива Паланка, организатор е Центарот за аудиовизуелни уметности „Карртс“, а се реализира со поддршка од Министерството за култура.

## Новогодишни пакетчиња за децата од детската градинка Детелинка

*Во пресрет на новогодишните и божиќните празници Општина Крива Паланка традиционално им подарува новогодишни пакетчиња на дечињата од детската градинка „Детелинка“.*



Наша цел и обврска како Општина е да направиме сè за најмладите, за оние кои ни се и најмили и најбитни во животот, да направиме да имаат среќно и весело детство, а во овие новогодишни празнични денови да им донесеме  радост  и среќа,   истакна градоначалникот Мицевски при посетата на детската градинка.




## Шестта ораторска вечер во СОУ „Ѓорче Петров“

Осуммина средношколци и средношколки од СОУ „Ѓорче Петров” говореа на темите кои ги засегаат младите претставувајќи се пред бројната публика во холот на гимназијата на годинашната „Ораторска вечер”.

Победник на ораторската вечер е Александар Тасевски, второнаградена е Лина Рангелова и третото место и припадна на Јована Колевска.

Покровител на ораторската вечер е  градоначалникот Борјанчо Мицевски.



## Традиционална прослава на Богојавление-Водици

Михаил Давитковски е среќникот кој меѓу педесетмината верници кои  скокнаа во водите на Крива Река го  фати крстот во осветените води на Богојавленскиот водосвет во Крива Паланка.



Градоначалникот Борјанчо Мицевски им го честита големиот христијански празник Богојавление-Водици на бројните присутни верници, а на Давитковски му додели подарок од Општината.
Традиционално, награда  доделија и Аптеки „Зегин”.